З А П И С Н И К

од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година

третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 10.03.2023 во 09:30 часот, во просториите на Агенцијата.

Присутни: Стевица Јосифовски, Тања Ковачев, Насер Адеми и Александар Давчевски.

Оправдано отсутни: Ервин Реџепагиќ.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за третиот состанок за 2023 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од вториот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2023 година;
3. Доставување на 4от квартален извештај за работата на Агенцијата за 2022година;
4. Усвојување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2022 година;
5. Барање согласност за вработување на определено време;
6. Барање согласност за јавна набавка на услуга Одржување на зелени површини;
7. Доставување на Годишен извештај за 2022 година на MKD-CIRT;
8. Разно.

Откако Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот како и записникот од предходниот состанок.

Во врска со барањето под точка број 3, Директорот на Агенцијата го образложи кварталниот извештај за работата на Агенцијата по кој имаше прашања врзани со секојдневните активности на секторите и службите.

Во врска со доставениот годишен извештај за работата на Агенцијата, и неговиот составен дел - ревизорскиот извештај, беа повикани претставници од ревизорката куќа за презентирање на извештајот. По него беа отворени различни прашања од извештајот, како и за стечајната постапка со Експорт Импорт Банка, која трае подолг период, по капиталната инвестиција Антенскиот столб на Агенцијата како и исходите на судски предмети кои ги води Агенцијата. Во врска со стечајната постапка беше побарано од

комисијата да се ангажира Правниот сектор и да се утврди до која фаза е постапката како и да се превземат сите потребни активности за нејзино затварање. По ова Годишниот извештај за работата на Агенцијата за 2022 година беше усвоен од Комисијата на АЕК.

Во врска со барањето за согласност за вработување со јавен оглас, за тројца извршители, се дадоа согласности.

Во врска со барањето за јавна набавка на услуга Одржување на зелени површини, се даде согласност за овој вид на набавка.

Во врска со доставениот Годишен извештај за 2022 година на MKD-CIRT членовите немаа забелешки.

Под разно на прашање на претседателот во врска со функционалната анализа, директорот на Агенцијата ги запозна членовите дека е склучен договор со избраната понуда и дека веќе е почнато со изготовка на истата.

Седницата заврши во 11:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_____

Тања Ковачев, член _____

Насер Адеми, член _____

Александар Давчевски, член_____